**Предлагачи : Група пратеници**

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

**Скопје, јули 2024 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено / Pranuar | 05. 07. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numer | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 08 | 338411 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Бојан Стојаноски
Ели Панова
Марија Митева
Драгана Бојковска
Дафина Стојаноска

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија се уредуваат основањето, работата, надлежностите, раководењето и финансирањето на Геолошкиот завод на Република Македонија.

Заради поефикасно функционирање на органите на државната управа и прилагодување на современите потреби во некои области, меѓу кои и во енергетиката, минералните суровини и рударството, се пристапи кон измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со кој се основаше ново Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

Надлежностите на ова министерство во системот на организацијата на органите на државната управа согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа се вршење на работите кои се однесуваат на:

- енергетиката, енергетската политика и планирањето на развојот во областа на електрична енергија,природен гас, нафта и деривати на нафта,топлотна енергија и термални води, како и други видови на енергија и нивна експлоатација;
- снабдувањето со енергија;
- спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од областа на енергетиката во целосна или доминантна државна сопственост;
- стратегијата и политиката за енергетска безбедност;
- рационалната употреба на енергијата и енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија;
- координацијата на работата и реализација на енергетските инвестиции;
- рударството, стратегија и политика за развој на рударството;
- експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси;
- геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини;
- изработката на програма за истражувачки работи од областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите;
- надзорот од негова надлежност и
- други работи утврдени со закон.

Заради конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на ова министерство утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24), потребно е законски интервенции односно усогласување на овие одредби со одредбите на постојни закони со кои се уредува ова област.

Дополнително обврска од членот 30 од овој закон наметна должност државните органи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот да ги усогласат посебните закони со кои се уредуваат основањето, работите, надлежностите и другите општи акти со одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите

на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24) .

Заради создавање на подобар правен механизам, доследност и усогласување на посебните закони со органскиот закон за организација и работа на органите на државната управа се предлага измената и дополнувањето на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија се врши допрецизирање на одредбите од законот и дополнување на истата се со цел усогласување и подобро функционирање и создавање на подобар правен механизам за примена на одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Републичкоит буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18), во член 7 во ставот (1), по зборот „Македонија“ се става запирка и се додаваат зборовите: „на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во став (3) во точката 4) по зборот „искуство“ се додаваат зборовите: „во областа на геологијата, рударството и минералните суровини“.

Член 2

Во член 8 став 1 во алинејата 4 зборот „ годишниот“ се заменува со зборовите:„ полугодишен и годишен“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја која гласи:

„- постапува по сите барања од надлежност на Геолошкиот завод поднесени од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,“.

По ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Полугодишниот извештај за работата на Геолошкиот завод директорот го доставува до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, најдоцна до 30 јули во тековната годината, а годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија содржи 3 члена.

Со членот 1 во главата V. РАКОВОДЕЊЕ СО ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД се допрецизира членот 7 во однос на именување и разрешување на директорот на Геолошкиот завод.

Со членот 2 се допрецизира одредбата од членот 8 во делот на надлежноста на директорот на Геолошкиот завод да постапува по сите барања на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и да доставува полугодишен и годишен извештај за работата на Заводот до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини

Влегувањето во сила е уредено во членот 3.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121 /24).

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
**КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Член 7**

(1) Со Геолошкиот завод раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години, со право повторно да биде именуван.

(2) За именување на директор се објавува јавен оглас кој се објавува во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик

(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на геологијата;

4) има минимум пет години работно искуство;

5)поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(4) На директорот функцијата може да му престане со негово разрешување или во случај на смрт.

(5) Директорот се разрешува:

- ако тоа сам го побара,
- во случај на спреченост на вршење на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеци непрекинато,
- ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци,
- ако се утврдат неправилности во неговото материјално – финансиско работење, поради што е нанесена штета на Геолошкиот завод и
- поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени.

**Член 8**

Директорот на Геолошкиот завод ги врши следниве работи:

- раководи со работата на Геолошкиот завод,
- го претставува и застапува Геолошкиот завод,

- ја организира реализацијата на годишната програма за основни геолошки истражувања на Геолошкиот завод,

- го подготвува годишниот извештај за работа на Геолошкиот завод;

- формира комисии за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација од геолошки истражувања за утврдување на геол ошките,хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина,

- склучува договори со стручни лица и правни субјекти за конкретни геолошки работи во функција на реализација на програмата за основни геолошки истражувања,

- склучува договори за билатерална и мултилатерална соработка,

- одговара за стручното и законито работење на Геолошкиот завод

- врши други работи утврдени со закон и

- склучува договори со стручни лица и правни субјекти за конкретни геолошки работи во функција на подготовка, обработка и реализација на единствениот геолошки информациски систем на Република Македонија и меѓународниот геолошки информациски систем.